| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | СТВАРНО ПРАВО 2 | | | | |
| 2. | Код | 5080302 | | | | |
| 3. | Студиска програма | ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО И ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО | | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет) | Втор степен | | | | |
| 6. | Академска година/семестар | 4/7 | 7. | Број на ЕКТС кредити | 8 | |
| 8. | Наставник | Проф. д-р Родна Живковска<br>Проф. д-р Тина Пржеска | | | | |
| 9. | Предуслови за запишување на предметот | / | | | | |

**10. Цели на предметната програма (компетенции):**

Концепцијата на наставната програма по предметот стварно право 2 има за цел студентите да се стекнат со теоретски и практични познавања од областа на стварното право. како доста значајна и актуелна сфера во правниот систем на Р. Македонија.

Од студентот пред се очекува да се запознае со системот на стварното право и правната регулатива од оваа област. Се очекува студентот да ја совлада техниката на правилна примена на законските прописи (читање и толкување и аплицирање на законските норми на конкретни случаи) од областа на стварното право.

Преку наставната програма се очекува студентот да се запознае детално со стварно - правните институти што постојат во правниот систем на Република Македонија. Пред се студентот треба да знае кои се стварните субјективни права уредени со позитивното право на Република Македонија, нивната содржина, начин на стекнување, формите на заштита на стварите субјективни права и престанувањето на субјективното право.

Исто така студентот има можност да се запознае со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и со англосаксонското право.

**11. Содржина на предметната програма:**

Предметната програма Стварно право 2 за свој предмет на проучување ги има стварноправните односи како еден вид на граѓанскоправни односи. Стварноправните односи се оние односи кои настануваат по повод припаѓањето на стварите, кои од страна на правото се обликуваат во стварноправни институти. Стварноправните институти по содржината се поклопуваат со стварните субјективни права.

Стварните субјективни права носителите ги остваруваат непосредно – директно на стварите, а третите лица се должни да го почитуваат ова вршење кое е определено со закон. Во остварувањето на стварните субјективни права, носителите не само што стекнуваат имотна корист (имотни ефекти од вршењето на правата), туку тие се стекнуваат и со моќ – власт по повод стварите. Правните поредоци правната власт на стварите ја обликуваат во најразлични „облици на владение на стварите“ .т.е. во стварни субјективни права: сопственост, службеност, залог, реален товар, стварноправен долготраен закуп), кои истовремено се и стварноправни институти.

Со цел, студентите по право, стварноправните односи да ги разберат и проучат во наставната програма на предметот Стварно право ќе бидат посеопфатно обработени:

Прво – Поимот стварно право (објективното, субјективното и како правна наука);

Второ- Стварите (поимот ствар, видови ствари, правниот режим на стварите итн.);

Трето – Сопственоста (поимот сопственост, облици и подоблици на правото на сопственост, стекнување на правото на сопственост, заштита и престанок на правото на сопственост);

Четврто – Владеените (поимот владение, видови владение, субјекти на владението, заштита на

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | владението итн.);<br>Петто – Правото на службеност (поим, видови службености, стекнување и заштита на правото на службеност);<br>Шесто - Првото на залог (поим, видови, стекнување на заложно право и заштитата на правото на залог како стварно субјективно право);<br>Седмо – Правото на реален товар како стварно субјективно право (поим, содржина, стекнување и заштита на правото);<br>Осмо – Правото на стварноправен долготраен закуп како стварно субјективно право, уредено во Законот за градежното земјиште (поим и содржина на правото, стекнување на правото на долготраен закуп и негова заштита).<br>Проучувањето на стварноправните иститути во предметната програма се врши врз основа на македонското и компаративното право. Така студентите ќе имаат можност да се запознаат со начинот на уредување на институтите од стварното право на земјите членки на Европската Унија (Р. Франција, Р.Германија, Р. Словенија, Р. Бугарија и др.), земјите кандидати за членство во Еворпската Унија (Р. Србија, Р. Хрватска и др.) и во други современи позитивноправни системи. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Интерактивна настава, симулација на случаи, изработка на проекти и истражувања | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 200 | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 5+0+1,7+0+6,7 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 75 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 25 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 100 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Предадена проектна задача | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |

| 22. | Литература | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Р. Живковска | Стварно право | Европа 92 | 2005 |
| | | 2. | Р.Живковска, Т.Пржеска, С.Димова, Н.Петушева | Коментар на Законот за катастар на недвижности | Европа 92 | 2013 |
| | | 3. | Р.Живковска, Т.Пржеска, В. Димитровска | Коментар на законот за експропријација | Европа 92 | 2013 |
| | | 4. | П.Спаркс | Европско стварно право | Просветно дело | 2009 |
| | | 5. | Р. Живковска | Збирка на прописи од стварното право - Практикум | Европа 92 | 2010 |
| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | И. Пико | Заложно право | Просветно дело | 2011 |
| | | 2. | Џ.Гордли | Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа | Просветно дело | 2009 |